LACTALIS
MK MLEKARNICA

Советува!

# Размножување и плодност:
# Основни фактори за производство на млеко (трет дел)

## 2. Општа проценка на репродуктивните перформанси

Оценувањето и проценката на репродуктивните перформанси се многу важни критериуми што треба да се следат за брзо откривање на проблемите. Техничките и економските резултати од експлоатацијата произлегуваат од нив.

| | Избор за управување | | |
|---|---|---|---|
| Критериум | Продуктивност на млеко | Намалување на трошоците за производство | Групно отелување |
| Интервал отелување – потврда на стелност | 85-140 дена | 85-100 дена | 80-90 дена |
| Интервал отелување – осеменување | 50-100 дена | 50-80 дена | Варијабилно според периодот на осеменување |
| % на успешност во осеменување | 45% | > 50% | > 55%; 90 % од кравите мора да се оплодат во добриот период |
| Стапка на стелност* | > 80% | > 80% | > 80% |

*% на успешност во AI1: Соодност на стелни крави по првото AI1/вкупен број на оплодени крави
*Стапка на стелност: Број на стелни крави/број на крави подвргнати на репродукција

## 3. Репродуктивни нарушувања

а) Неплодност со редовен еструс (повторувачко размножување): 21 ден
Целта е да има помалку од 20 % од кравите со 3 оплодувања или +.

### Причини и фактори на ризик:

* Нарушување на фоликуларниот раст, предизвикано од фоликуларни цисти, ооцити со слаб квалитет како резултат на енергетски дефицит во исхраната или топлотен бран (висока топлина) 2 месеци пред осеменувањето.
* Нарушување на овулацијата, предизвикано од нарушување на највисокото ниво на LH, отсуство на овулација или одложена овулација.
* Нарушување на оплодувањето - моментот на оплодување е многу важен. Мора да се изврши помеѓу 8 и 12 часа по откривањето на еструсот. Доколку надминат 12 часа, шансите за неоплодување се намалуваат.
* Смртност на ембрионот (смрт на ембрионот во рок од 16 дена по оплодувањето):
  - енергетски дефицит во првите 3 месеци од доењето на млечните крави;
  - особено треба да се внимава на најмлечните крави
  - воспаление на чапунките ( кривење)
  - хроничен метритис
  - стрес како топлотен бран, промена на исхраната; почеток на пуштање на пасење во период од 3 недели по оплодувањето.
* Квалитетот на храната исто така може да биде причина за нестелност .

**Лацталис МК Млекарница ДООЕЛ,**
Индустриска бб, 7000 Битола, Северна Македонија

## Препораки:

* Да се избегнуваат енергетски дефицити по отелување
* Да се следат препораките за исхрана (енергија, азот, минерали и витамини) за време на првите месеци од лактација

**Кога за повеќе од 20 % од кравите се потребни 3 инсеминации да се оплодат, да се провери следново:**

- Проверка за хроничен метритис од 30 до 45 дена по отелувањето
- Контрола на исхраната, земајќи ги предвид нивоата на производство и фазата на лактација
- Да се ограничи стресот во рок од 3 недели по оплодувањето
- Да се провери времето за откривање на еструсот (видете точка Б)
- Да се провери квалитетот на оплодувањето од страна на ветеринар или инсеминатор. Можност за промена на одговорната личност.

**На индивидуално ниво, 3 вида на третман може да ја подобрат плодноста:**

- Пред инсеминација, да се подобри на растот на фоликулите, квалитетот на ооцитите и жолтото тело со инјектирање GnRH (Fertagyl) 12 дена по третиот еструс , за да успее четвртата инсеминација.
- Пред инсеминација, да се подобри овулацијата со инјектирање GnRH (Fertagyl) што е можно поскоро по почетокот на половата жар (по третиот еструс). Овој метод дава променливи резултати.
- По инсеминацијата, подобрување на квалитетот на жолтото тело со инјектирање GnRH (Fertagyl) 12 дена по третата инсеминација.



# Факти за Лакталис

- Основана во 1933 година од Андре Бение во Лавал, низ три генерации, Групацијата Лакталис остана верна на својата првична заложба за преработка на млеко.
- Денес е глобален лидер во млечната индустрија.
- Број еден производител на сирење во светот.
- Европски лидер во рамките на потрошувачката на млеко и на пазарите на путер и млечни намази.
- Располага со 250 производствени погони во 50 земји ширум светот.
- Вработува 80.000 луѓе во 94 земји ширум светот.
- Остварува годишен промет од 18,5 милијарди евра.
- Лакталис МК Млекарница станува дел од големото светско семејство Лакталис во 2007 година.
- Еден од главните двигатели на развојот на групацијата Лакталис се млекопроизводителите чија иднина е сигурна преку растот на Лакталис.
- Главните одговорности на одделот за сурово млеко во склоп на Лакталис е оптимизирање на рутите за собирање на млеко и обезбедување на врвен квалитет на сурово млеко кое е здраво и хранливо.
- Одделот за сурово млеко на Лакталис посветено работи кон едукација на млекопроизводителите за употреба на современи и проверени практики со цел добивање на повисок квалитет и количина на млеко.

**Оддел за сурово млеко:**
047 208 900 | 078 239 123

www.lactalismk.mk